РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 03.10.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 1346/1 | – | – |


( Образец ПП......)

**До: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**
**Сектор за истражување и меѓуинституционална соработка**
**(имател на информацијата)**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ___________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали има јавно достапни податоци за проекции и предвидувања на бројот на корисниците на пензија кои остваруваат и ќе остварат право од вториот и третиот пензиски столб почнувајќи од 01.01.2023?

2. Ако има, колкав ќе биде нивниот број заклучно со пресек на датумите: 01.01.2023, 01.01.2024, 01.01.2025, 01.01.2026 и 01.01.2027 година?

3. Дали има податоци на корисниците по старосни групи за датумите: 01.01.2023, 01.01.2024, 01.01.2025, 01.01.2026 и 01.01.2027 година?

4. Колку од корисниците ќе бидат мажи а колку жени за датумите:01.01.2023, 01.01.2024, 01.01.2025, 01.01.2026 и 01.01.2027 година?

(опис на информацијата која се бара)

5. Дали може проекцијата по наведените датуми да се прикаже за секое пензиско друштва поединечно?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) по пошта
- б) телефон
- ~~в) факс~~
- г) е-маил
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Скопје, 20.09. **2022 година .**

_______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 03-1346/2
03.10. 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

До:

**Предмет:** Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитуван,

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) како Имател на информации, по добиеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Вас по е-маил на 20.09.2022 година, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме следното:

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (Фондот на ПИОСМ). Во случај кога осигуреникот е учесник на двостолбниот пензиски систем (прв и втор столб) истовремено ги исполнува условите за пензија и за двата столба. Фондот на ПИОСМ изготвува извештаи за пензискиот систем со актуарски проекции за пензискиот систем, коишто вклучуваат и проекции за осигуреници и пензионери во кои се содржат и корисници на пензија од втор столб. Во прилог Ви го доставуваме последниот извештај со актуарски проекции со којшто располага МАПАС – Извештај за пензискиот систем во Република Македонија со актуарски проекции, декември 2015 година.

Задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување започна со работа во 2006 година, додека доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во 2009 година. Во капитално финансираното пензиско осигурување генерално се вклучуваат млади лица чиишто придонеси се уплатуваат на нивни индивидуални сметки и потоа се инвестираат од страна на пензиските друштва. Заклучно со 31.12.2021 година, просечната возраст на членовите во задолжителните пензиски фондови е 36

години, додека просечната возраст на членовите во доброволните пензиски фондови е 46 години, што значи дека задолжителните и доброволните пензиски фондови се сè уште во фаза на акумулација. Бројот на пензионирани членови од капитално финансирано пензиско осигурување и износот на средства коишто ги повлекуваат се многу мали и сè уште незначителни во однос на вкупниот број на членови односно вкупниот износ на средства на пензиските фондови. Со оглед на тоа што бројот на членови кои ќе остварат право на пензија од втор столб се очекува да биде мал за следните пет години, Агенцијата нема податоци за проекции и предвидувања на бројот на корисниците на пензија.

Но, со цел да Ви излеземе во пресрет Ви доставуваме едноставна проценка на бараните податоци. Оваа проценка се базира на распределбата на членови во пензиските фондови по возраст и пол на 31.12.2021 година и се претпоставува дека бројот на членови на пензиски фондови останува непроменет со однос на состојбата на 31.12.2021 година.

Информациите, ќе Ви се доставaт на е-маил адреса како што е назначено во самото барање.

Доколку имате потреба за било каква дополнителна информација, Ве молам слободно да ме контактирате.

Со почит,

Подготвил: Билјана Котеска
Емилија Рамова
Одобрил: Дарко Саздов

Претседател на Советот на експерти
Максуд Али

МАПАС
Стив Наумов бр.100, 1000 Скопје, тел/факс (+389-2) 3224-229/ 3166-452 www.mapas.mk